Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

Бр. 6

09.03.2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот ,,Подобрување на условите за живеење во с.Прибилци,преку реконструкција на улици”.**

1. Ја објавувам одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот ,,Подобрување на условите за живеење во с.Прибилци,преку реконструкција на улици” донесена на продолжението на 20-тата седница на совет на Општина Демир одржана на 06.03.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-315/1** **Општина Демир Хисар**
**09.03.2023 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), советот на Општина Демир Хисар на продолжението од 20-тата седница одржана на ден 06.03.2023 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА

**за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Подобрување на условите за живеење во с.Прибилци, преку реконструкција на улици“**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **„Подобрување на условите за живеење во с.Прибилци, преку реконструкција на улици“**

Проценетата вредност на проектот од став 1 на овој член изнесува 2.442.480,00,00 денари. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со средства од Бирото за регионален развој во вредност од 1.196.815,00 денари, а преостанатите средства во вредност од 1.245.665,00 денари ќе биде сопственото учество на Општина Демир Хисар.

Член 2

Оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар ја донесува врз основа на Јавниот повик 2023 година за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата, објавен од страна на Бирото за регионален развој.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр. 17-224/11
06.03.2023 година
Демир Хисар

Претседател
на Совет на Општина Демир Хисар
Љупчо Најдовски с.р.

---

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот ,,Подобрување на условите за живеење во с.Прибилци,преку реконструкција на улици” --------------------------------------------------------------1-2

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**